# Упатство за пријавување
# на рекламации за состојбата на контејнерите

Пријавување на рекламации за состојбата на контејнерите има цел да обезбеди навремено известување за оштетени, преполни контејнери до службите на Saubermacher.
Пријавата може да биде поднесена од секој граѓанин или корисник на услугите со што ќе се спречи загадување на животната средина.

Пријава може да се поднеси со кликнување на копчето Рекламации.
Се внесува валидна e-mail адреса на која ќе пристигне линк за пријавување на состојбата. (Слика 1)




Сл.1

На внесената e-mail адреса се добива порака со линк за пријава на рекламација. Линкот кој се добива може да се отвори само еднаш. (Слика 2)


Почитувани,

За пријавување на рекламации за состојбата на контејнерите на одредена локација кликнете на следниот линк:
Линк

Со почит,
Саубермахер Тетово

Сл.2

Со кликнување на линкот се добива форма за пријава на рекламација (Слика 3)




Сл.3

Од мапата се избира локација на контејнерот за кој што се праќа рекламација, се внесуваат податоци за поднесителот и детален опис на состојбата. Полињата кои се означени со * се задолжителни. Во полето Прикачи фотографија се прикачува фотографија од локацијата на контејнерот. Со кликнување на копчето Испрати рекламацијата се испраќа до службите на претпријатието.

На e-mail адресата се добива повратна порака со реден број на поднесената рекламација кој ќе се користи за понатамошно следење.